ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА АРАЧИНОВО
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2018 07 04/2

**Скопје, февруари 2019 година**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 18 |
| **Финансиски извештаи за 2017 и 2016 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 19 |
| Биланс на состојба | 20 |
| Промени на капиталот | 21 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| - Вовед | 22 - 24 |
| - Сметководствени политики | 24- 27 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 27 - 32 |

**Кратенки користени во извештајот:**

РМ – Република Македонија

ЗЈН – Закон за јавни набавки

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:13-54/7

Дата: 26.02.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637), за 2017 година.

Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2017 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново, а за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изрази неповолно мислење.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637) и е изразено негативно мислење.

Во февруари 2013 година извршена е ревизија на спроведувањето на препораките со што е констатирано дека за истите делумно се преземени активности.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637), за 2017 година, констатирани се следниве состојби:

- неправилности во пресметката и исплатата на плата и начинот на ангажирање и исплата на привремено вработените лица, необезбедена соодветна поткрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи кои се однесуваат на: потрошено гориво, користење на мобилни телефони, одржување на локални улици и патишта;
- несоодветното проценување на билансните позиции согласно сметководственото начело на парично искажување, односно не евидентирање на недвижниот имот сопственост на општината, не евидентирање на инвестиционите вложувања на соодветните позиции на

материјални средства во подготовка и материјални средства во употреба, не целосно и не правилно извршен попис;

- за дел од извршените градежни работи, не се води градежен дневник и градежна книга, не се обезбедени потребните документи за градба, а ставањето во употреба на градбите е без извршен технички преглед и записник за примопредавање;
- исто така, не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки, работи и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во општината треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди точна пресметка на плата, ангажирање на привремено вработени лица согласно законските прописи, проценување на билансните позиции според сметководственото начело на парично искажување, целосно и правилно спроведување на пописот, целосност на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање, како и рационално и ефикасно користење на буџетските средства при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

Од страна на одговорнот лице на Општина Арачиново не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново на сметката на основен буџет (637), за 2017 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2017 година, применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Арачиново за 2010 година, сметка на основен буџет (637) и е изразено неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на општината, застапувано од:

- Брахим Ајвази - градоначалник од 12.04. 2013 година до 19.10.2017 година;
- Милиќије Халими - градоначалник од 20.10.2017 година;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 4 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од од 29.10.2018 до 24.12.2018 година, кај Општина Арачиново, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2013 година, извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637), бр. 31-95/2 од 07.02.2012 година, за што е изготвен преглед за статусот на препораките доставен до градоначалникот на општината. Од содржината на презентираните податоци во прегледот, ревизијата констатира дека општината делумно презема мерки за дадените препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 25.12.2018 година.

Од страна на одговорнот лице на Општина Арачиново не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 Во 2017 година, во Општина Арачиново исплатени се средства во износ од 3.484 илјади денари на име плати и надоместоци. Во општината вработени се пет административни службеници и три помошно-техничките лица. При увид во пресметките на платите на вработените, ревизијата го констатира следното:

- Општината нема донесено Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно - технички работи и помошни работи, а решенијата за вработување и решенијата за пресметување на месечна плата на

вработените не се усогласени со Законот за административни службеници;

- констатирана е грешка при пресметка на плата за минат труд односно делот на плата за работен стаж на административни службеници не се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%, туку пресметката за минат труд е извршена само за степенот на образование што не е во согласност со член 87 став 4 од Законот за административни службеници. Исто така, за помошно - техничките лица, пресметката за минат труд не е точно пресметана односно основната плата на вработениот не се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Поради ваквиот начин на пресметка, во 2017 година, исплатени се помалку средства на вработените за минат труд во износ од 211 илјади денари, а со тоа и помалку исплатени придонеси за социјално осигурување.

**Препораки**

1. Градоначалникот на општината да преземе активности за донесување на Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените кои вршат административно - технички работи и помошни работи согласно важечките законски прописи.
2. Одговорните лица на општината да ја вршат пресметката на плата во согласност со важечките законски прописи.

**4.1.2** Во текот на 2017 година, Општина Арачиново има исплатено средства во вкупен износ од 1.018 илјади денари за ангажирање на лица преку Агенцијата за привремено вработувања за вршење на административни работи. Со извршениот увид и анализа на документацијата за направените расходи по овој основ констатирано е дека општината има склучено договор со Агенцијата за отстапување на работник без спроведување на постапка за јавна набавка што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година и непочитување на член 2 и 5 од Законот за јавни набавки. Отстапувањето на привремено ангажираните лица не е во согласност со член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања каде е утврдено дека привремено се ангажираат работници во следните случаи: замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и непредвидени краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот, односно привремените ангажирани работници се ангажирани подолго од една година на исти работни задачи, што не е во согласност со член 4

и став 3 од Законот за агенциите за привремени вработувања. Општината нема евидентни листи за присуство на привремено ангажираните работници ниту се поднесуваат месечни извештаи за извршените работи. Поради ваквата состојба на привремено ангажирање на работници за вршење на работни задачи, без евиденција на нивното работно време, без извештај поднесен од нивна страна за извршените работи во текот на месецот, ревизијата не може да се увери во реалноста и објективноста на потрошените средства за ова намена, а со тоа и во наменското трошење на буџетските средства.

**Препорака**
Одговорните лица на општината, да преземат мерки и активности за редовно вработување и пополнување на работните места или ангажирање на работници поради зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти согласно законските прописи.

4.1.3 Со извршената ревизија на направените расходи во вкупен износ од 507 илјади денари по основ на потрошено гориво констатирано е дека општината нема изготвено интерен акт со кој би се регулирале условите и начинот на користење на службените возила. Имено, не се изготвуваат налози за користење на службени возила од кои може да се утврди целта за која истите се користени односно недостасуваат податоци за службеното дејствие што се врши, местото на поаѓање и местото на упатување, поминати километри, потпис на возачот и потпис на корисникот. Исто така при проверка на потрошокот на гориво ревизијата констатира дека е точено гориво и на возила кои не се во сопственост на општината .

Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна и поткрепувачка документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37 - в од Законот за буџетите и без воспоставена внатрешна контрола на користење на горивото не дава уверување за рационално и економично користење на буџетски средства.

**Препорака**
Одговорните лица во општината да донесат пишана процедура со која ќе се регулираат условите и начинот на користење на службените возила.

4.1.4 Со извршената ревизија на направените расходи за телефонски услуги во вкупен износ од 300 илјади денари констатирано е дека општината нема донесено интерен акт за користење на службени мобилни телефони со кои ќе се утврди правото на користење на мобилен телефон, дозволен лимит, обврската

за надоместување на износот на пречекорување, задолжување на лице кое ќе води електронска евиденција за сите службени мобилни телефони, ќе ги следи износите на пристигнатите месечни сметки и при утврдување на пречекорување на дозволениот лимит да достави извештај до одговорното лице за понатамошна контрола, постапување и одбивање од месечните примањата на вработените.

**Препорака**

Одговорните лица во општината да преземат активности во насока на изготвување на интерен акт за определување на право на користење на службен мобилен телефон со цел утврдување на прецизни критериуми во кои случаи и до кои износи ќе се признаваат поголеми сметки од дозволените.

4.1.5 Во текот на 2017 година исплатени се средства во износ од 295 илјади денари врз основа на склучен договор за одржување на локални улици и патишта во Општина Арачиново во зимскиот период. При увид во документацијата ревизијата констатира дека исплатата не е извршена согласно член 3 од договорот односно истата е извршена без работни налози и без извештаи за изведените работни активности од страна на изведувачот. Со ваквиот начин на постапување, без соодветна документација за тоа на кои места/улици е извршена интервенцијата, ревизијата не можеше да се увери во реалноста на направените расходи и извршената услуга.

**Препорака**

Одговорните лица на општината да ги почитуваат одредбите од договорот за работа за одржување на локални улици и патишта во зимскиот период, односно да изготвуваат работни налози и да побараат извештаи за изведените работни активности од страна на изведувачот.

4.1.6 Во текот на 2017 година, исплатени се средства на економски оператор во вкупен износ од 1.209 илјади денари за набавка, транспорт и вградување на асфалт на локални улици и патишта на Општина Арачиново. При увид во документацијата ревизијата констатира дека изведените работи се без склучен договор со кои ќе се регулираат изведените количини и единечните цени, времетраење и динамика на извршување на работите и квалитетот на асфалтот како и без спроведена постапка за јавна набвка. Ваквиот начин на работа, без да се утврди потребата за изведените работи од страна на општината, без техничка спецификација со која би се определиле количините и квалитетот на асфалтот оневозможува да се врши контрола на изведените работи и го зголемува ризикот односно има влијание на количината и на квалитетот на изведените

работи и на вградените материјали при изведувањето .

**Препорака**

Одговорните лица на општината пред изведување на работите да ја утврдуваат потребата за изведување на работи, техничката спецификација и да склучат договор за изведени работи по спроведена постапка за јавна набавка.

4.1.7 Во 2017 година, општината има склучено договори по основ на работи за асфалтирање на улици, санација и тампонирање на улици, набавка на водни пумпни компресори, бушење на бунари и други градежни работи. При изведување на горе наведените работи од страна на општината не е ангажиран надзорен орган, што не е во согласност со член 33 точка 1 и 2 од Законот за градење, со кој инвеститорот треба да определи правно лице регистрирано во Централниот регистар за вршење на соодветна дејност кое поседува лиценца за надзор, а економскиот оператор определува, односно именува надзорен инженер за надзор на изведените работи. Ваквата состојба оневозможува проверка над изградбата, односно дали истата е во согласност со основниот проект, проверка на квалитетот на вградените материјали во градбата, утврдување на евентуалните недостатоци или неправилности констатирани во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник како и изготвување на завршен извештај за извршениот надзор. Немањето надзор над изградбата, не дава уверување за постапување и извршување на градбите согласно Законот за градење и создаваат ризик од одредени недостатоци кои би ги нарушиле основните барања на градбата.

**Препорака**

Градоначалникот на општината да преземе активности за ангажирање на надзор кој ќе ја врши контролата при изведување на градежните работи, согласно законските прописи.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Согласно Решението бр.23-257/21 од 08.02.2000 година, за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Арачиново врз основа на спроведен делбен биланс, на општината и се пренесува правото на сопственост на: КО Арачиново објект на локалната самоуправа на општина Арачиново (поранешен Младински дом), без просторијата на месната заедница и објект - старо фудбалско игралиште. Општината нема започнато постапка за запишување на право на сопственост на недвижен имот во Агенцијата за катастар на недвижности. Исто така не е започната ниту постапка

за проценка на нивната вредност. Необезбедените имотни листови како доказ за правото на сопственост, не извршената проценка на вредноста на објектите не овозможуваат нивно сметководствено евидентирање на соодветните позиции на Материјални средства и Државен Капитал.

**Препорака**

Одговорните лица на општината да започнат со активностите за упишување на правото на користење недвижен имот во Агенцијата за катастар на недвижности со цел обезбедување на имотни листови врз основа на кои ќе може објектите да се проценат и истите сметководствено да се евидентираат.

4.2.2. Капиталните расходи по основ на изградба, реконструкција и друг вид на вложување во градежните објекти, не се евидентираат на позицијата Материјални средства во подготовка, а по нивното завршување на соодветните позиции за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Изворите на капитални средства што не е во согласност со член од 19 до 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Ваквата состојба не овозможува следење на инвестиционите вложувања во одреден објект и има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции за тековната година.

**Препорака**

Капиталните расходи по основ на изградба, реконструкција и друг вид на вложување во градежните објекти навремено да се евидентираат на позицијата - Материјални средства во подготовка, а по извршениот технички прием, истите да се евидентираат на соодветните позиции за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Изворите на капитални средства.

4.2.3. Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2017 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член од 29 до 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- основните средства со кои располага општината не се обележани со инвентарни броеви и истите тешко може да се идентификуваат врз основа на книгата на материјални средства;
- со извршениот физички попис на материјалните средства на 31.12.2017 година, во пописните листи е искажана бројната состојба на опремата по видови и нивната сметководствена вредност, но не се утврдени материјалните разлики меѓу состојбата утврдена со попис и

сметководствената состојба, вредносно пресметување на материјалните разлики, кусоци или вишоци;
- со извршениот увид во пописните листи на материјалните средства со кои располага општината на ден 31.12.2017 година, ревизијата констатира дека оние средства кои не се сметководствено и материјално евидентирани (мобилните телефони добиени без надомест), пописната комисија физички не ги попишала, поради што не се утврдени разлики помеѓу сметководствената и фактичката состојба на истите во соодветниот пресметковен период;
- не е извршен попис на паричните средства преку усогласување на сметководствената евиденција на паричните средства и последните благајнички извештаи односно последните банкови изводи за сите сметки со кои располага општината;
- пописот на обврските е извршен со преземање на податоците од сметководствената евиденција, а не со проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи. Не е утврден правниот основ за постоење на обврските како и причините за неизмирени обврски;
- пописната комисија нема изготвено извештај за попис, со предлози за книжења на евентуалните кусоци/вишоци, забелешки и објаснувањата на лицата што ракуваат со материјалните и паричните вредности за утврдените разлики, како и други забелешки и објаснувања на настанатите разлики, кој треба да се разгледа од страна на одговорното лице во субјектот и да се донесе акт за прифаќање на извештајот за попис за 2017 година. Пописната комисија единствено донела предлог за отпис на основите средства, врз основа на кој Советот на општината има донесено Одлука за отпис на основните средства бр. 07-120/4 од 12.03.2018 година.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2017 година.

**Препорака**

Одговорните лица во општината да преземат активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби и утврдување на начинот на книжење на разликите утврдени со пописот во насока на усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

## 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општината за 2017 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени 3 постапки за јавни набавки спроведени во текот на 2017 година. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 8.660 илјади денари што е 100% од вкупната вредност на доделените договори.

Од увидот на приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

4.3.1. Годишниот план за јавни набавки за 2017 година не е изготвен согласно одредбите од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, односно не ги содржи предвидените елементи: очекуваниот почеток на постапката (месец), проценетата вредност на договорот и забелешки. Планот е донесен на 23.02.2017 година, со задоцнување, што не е во согласност со член 26 став 2 од ЗЈН каде што е наведено дека истиот треба да се донесе до крајот на јануари од тековната година. Исто така, со извршениот увид во досиејата на постапките, констатирано е дека истите не ги содржат сите потребни документи согласно член 173 од Законот за јавни набавки.

**Препораки**

1. Одговорните лица во општината, навремено да изготват годишен план за јавни набавки и истиот да ги содржи сите елементи, согласно законската регулатива.
2. Одговорните лица во општината ажурно да ги водат досиета за постапките за јавни набавки со сите потребни документи согласно законските прописи.

4.3.2. Спроведена е отворена постапка доделување на договор за јавна набавка на работи - реконструкција и рехабилитација на улици во с.Арачиново и склучен е Договор бр. 08-110 од 03.06.2017 година во вредност од 3.505 илјади денари со ДДВ. Со увид во документацијата која произлегува од постапката за јавна набавка и реализацијата на договорот за јавна набавка, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Од страна на Комисијата не е изготвено соодветно образложение за оправданоста за користење на критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење

професионална дејност, кои може да ги исполнат по претходна анализа на пазарот и да дадат извештај до одговорното лице со предлог за потребата од обезбедување на согласност од Советот согласно член 36-а став 3,4,5 и 6 од ЗЈН.

- Комисијата за јавна набавка нема побарано согласност од Советот за јавни набавки согласно член 36-а став 2 од ЗЈН каде што Комисијата, пред да го објави огласот за јавна набавка доколку предвиди критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење професионална дејност задолжително бара согласност од Советот ако има пет или помалку од пет економски оператори на пазарот во Република Македонија кај отворената постапката, ограничената постапка, постапката со преговарање со претходно објавување оглас и кај конкурентниот дијалог кои ги исполнуваат условите.
- Комисијата пред да пристапи кон евалуација на понудите, нема проверено дали е објавена негативна референца на понудувачите до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, што соодветно го документира како дел од досието на постапката, предвидено во член 140 став 2 од ЗЈН.
- Комисјата за ЈН нема изготвено Извештај од спроведената постапка, туку врз основа на Извештајот од текот на е Аукцијата има доставено до Градоначалникот Предлог за избор на најповолен понудувач, што не е во согласност со член 142 од ЗЈН.
- Изведувањето на работите се врши без одобрение за градба што не е во согласност со член 56 од Законот за градење.

4.3.3. Спроведена е отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи - Набавка на водни пумпи компресори и бушење на 4 бунари за с. Арачиново, Општина Арачиново и склучен е договор со најповолниот понудувач на 17.07.2017 година на вкупен износ од 2.982 илјади денари со ДДВ. Со увид во документацијата која произлегува од постапката за јавна набавка и реализацијата на договорот за јавна набавка, ревизијата ја констатира следната состојба:

- предметот на набавката не е предвиден во Планот за јавна набавка согласно член 26 од Законот за јавни набавки;
- од страна на Комисијата не е изготвено соодветно образложение за оправданоста за користење на критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење професионална дејност, кои може да ги исполнат по претходна анализа на пазарот и да дадат извештај до одговорното лице со предлог за

потребата од обезбедување на согласност од Советот согласно член 36-а став 3,4,5 и 6 од ЗЈН;

- Комисијата за јавна набавка нема побарано согласност од Советот за јавни набавки согласно член 36-а став 2 од ЗЈН каде што Комисијата, пред да го објави огласот за јавна набавка доколку предвиди критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење професионална дејност задолжително бара согласност од Советот ако има пет или помалку од пет економски оператори на пазарот во Република Македонија кај отворената постапката, ограничената постапка, постапката со преговарање со претходно објавување оглас и кај конкурентниот дијалог што ги исполнуваат условите;
- не е доставена изјава за сериозност на понудата која задолжително се наведува во тендерската документација доколку договорниот орган не предвидел со тендерската документација гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција или депонирани средства согласно член 47 став 1 од ЗЈН;
- Комисијата пред да пристапи кон евалуација на понудите, нема проверено дали е објавена негативна референца на понудувачите до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, што соодветно го документира како дел од досието на постапката, предвидено во член 140 став 2 од ЗЈН;
- документите за докажување на лична состојба на економскиот оператор се со дата од 09.11.2017 година односно после склучување на договорот што не е во согласност со член 147 став 3 од ЗЈН, а за докажување на економска и финансиска состојба на економскиот оператор на ревизијата не и беше даден на увид извештај за билансот на состојба и успех потврден од Централниот регистар;
- не е доставен основен проект и ревизија на проект согласно член 20 и член 47 од Законот за градење со кои се дава техничко решение на градбата, се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и исполнувањето на основните барања за градбата;
- не е доставена дозвола за користење на вода издадена од Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина со која правното или физичкото лице се стекнува со водно право согласно член 26 и 28 од Законот за водите;
- за извршените работи изведувачот не води градежна книга и градежен дневник, обврска предвидена во член 29 од Законот за градење, во кои треба да се запишуваат активностите кои се изведуваат на градилиштето секој ден од започнувањето до завршувањето на

изградбата, што ќе овозможи да се докаже веродостојноста на градежните работи согласно проектните решенија и барања содржани во основниот проект,

- по завршување на работите не е изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер во кој треба да се констатира дека градбата може да се стави во употреба, ниту е направен записник за извршено примопредавање помеѓу изведувачот и инвеститорот за изведената градба, иако истите се пуштени во употреба. Ваквиот начин на работа не е во согласност со одредбите од член 87 и 95 од Законот за градење за градби од втора категорија.

4.3.4. Спроведена е отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи – Асфалтирање на локални улици и патишта на општина Арачиново во с. Арачиново и склучен е договор со најповолниот понудувач на 21.09.2017 година на вкупен износ од 2.173 илјади денари со ДДВ. Со увид во документацијата која произлегува од постапката за јавна набавка и реализацијата на договорот за јавна набавка, ревизијата ја констатира следната состојба:

- од страна на Комисијата не е изготвено соодветно образложение за оправданоста за користење на критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење професионална дејност, кои може да ги исполнат по претходна анализа на пазарот и да дадат извештај до одговорното лице со предлог за потребата од обезбедување на согласност од Советот согласно член 36-а став 3,4,5 и 6 од ЗЈН;
- Комисијата за јавна набавка нема побарано согласност од Советот за јавни набавки согласно член 36-а став 2 од Законот за јавни набавки каде што Комисијата, пред да го објави огласот за јавна набавка доколку предвиди критериуми за утврдување на способност, освен лична состојба и способност за вршење професионална дејност задолжително бара согласност од Советот ако има пет или помалку од пет економски оператори на пазарот во РМ кај отворената постапката, ограничената постапка, постапката со преговарање со претходно објавување оглас и кај конкурентниот дијалог што ги исполнуваат условите;
- не е доставена изјава од понудувачот дека понудата ја поднел независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека не учествува во истата постапка, односно во ист дел од постапка со други економски оператори со кои е капитално, сопственички или роднински поврзан согласно член 129 став 2 од ЗЈН;
- Комисијата пред да пристапи кон евалуација на понудите, нема проверено дали е објавена негативна референца на понудувачите до

истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, што соодветно го документира како дел од досието на постапката;

- на ревизијата не и беа доставени: основниот проект и ревизија на проектот согласно член 20 и член 47 од Законот за градење со кои се дава техничко решение на градбата, се прикажува поставеноста на градбата во локацијата и исполнувањето на основните барања за градбата;
- изведувањето на работите се без одобрение за градба што не е во согласност со член 56 од Законот за градење;
- од страна на изведувачот не е обезбеден доказ за пропишан квалитет за вградените градежни производи согласно член 29 став 1 алинеја 4.

4.3.5. Во текот на 2017 година, без постапка за јавна набавка извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 5.780 илјади денари, што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година и непочитување на член 2 и 5 од Законот за јавни набавки (Прилог 1).

Набавката на стоки и услуги без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка не обезбедува разумно уверување за рационално и ефикасно користење на средствата, фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препораки**

1. Набавката на стоки, работи и услуги да се врши во согласност со пишаните правила и норми во законската регулатива во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и јавност при набавките.
2. Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности, при извршување на градежните работи доследно да се почитуваат одредбите од Законото за градење и склучените договори.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основа за изразување мислење, во точката од 4.1. до 4.3. од овој извештај, се однесува на: слабости во пресметката и исплатата на плата, начинот на ангажирање на привремените работници, необезбедена соодветна покрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи кои се однесуваат на:

потрошено гориво, користење на мобилни телефони, одржување на локални улици и патишта, непочитување на Законот за градење при изградба на градежни работи, несоодветното проценување на билансните позиции согласно сметководственото начело на парично искажување, односно не евидентирање на недвижниот имот сопственост на општината, не евидентирање на инвестиционите вложувања на соодветните позиции на материјални ссредства во подготовка и материјални средства во употреба, не целосно и не правилно извршен попис, слабости во постапките за јавни набавки како и набавки без почитување на Законот за јавни набавки .

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637), на ден 31 декември 2017 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечата законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.1. до 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Арачиново, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Општина Арачиново**
**Сметка на основен буџет (637) Општина Арачиново**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 22.113 | 38.602 |
| **Вкупно приходи** | | **22.113** | **38.602** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 6.185 | 6.092 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 141 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 11.517 | 18.949 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 761 | 376 |
| Социјални бенефиции | 3.2.4 | 144 | 108 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **18.607** | **25.666** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3 | 3.506 | 12.936 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3.506** | **12.936** |
| **Вкупно расходи** | | **22.113** | **38.602** |

**Општина Арачиново**

**Сметка на основен буџет (637) Општина Арачиново**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 62 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 28.413 | 23.128 |
| **Вкупно тековни средства** | | **28.475** | **23.128** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.2 | 555 | 932 |
| **Вкупно постојани средства** | | **555** | **932** |
| **Вкупна актива** | | **29.030** | **24.060** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 28.063 | 22.737 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 350 | 391 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3 | 62 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **28.475** | **23.128** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 555 | 932 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **555** | **932** |
| **Вкупна пасива** | | **29.030** | **24.060** |

**Општина Арачиново**

**Сметка на основен буџет (637) Општина Арачиново**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **932** | - | **932** |
| **Зголемување по основ на:** | **105** | - | **105** |
| Набавки | 33 | - | **33** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 72 | | **72** |
| **Намалување по основ на:** | **482** | - | **482** |
| Отпис на капитални средства | 182 | | **182** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 64 | | **64** |
| Амортизација | 236 | | **236** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **555** | - | **555** |